Василка Бисероска

# Слободното време и самодејностите

ЕДНО ОД важните прашања кое овозможува посвојување на културните вредности од страна на работните луѓе е слободното време. Во современиот социјалистички развој и во условите на современата техника и технологија слободното време на работните луѓе претставува комплексно прашање и бара посебно внимание.

Што е тоа слободно време? Сигурно не е времето проведено во спиење. Не е ни времето кога човек не знае со себе што да прави — кога му е здодевно. „Умирам од досада" — често се слуша, зашто сè уште нема доволно организирано форми за поминување на времето надвор од задолжителниот труд.

Процесот на ослободувањето на трудот, ослободувањето на човекот, натамошниот развој на самоуправните односи, техничко-технолошките промени, поширокота примена на науката во производството, високото образовно ниво на работниците, поширокото учество на работниците во целокупната општествена политика, па дури и во културното творештво, овозможува повеќе „слободно време". Сето тоа создава објективни услови за активно партиципирање на луѓето во културата и во другите сфери на трудот. Време е, посериозно, студиозно и во сообразност со целите на нашиот развој, имајќи ги предвид општествените и економските односи, да се разгледаат и проучат карактерот, содржината и формите на слободното време на човекот во интерес на остварувањето на овие цели, недвоиво од нив.

Условите, содржините, можностите и начинот на користењето претставуваат посебен проблем и постојана задача на организациите на здружен труд, како и на сите општествено-политички сили во нив, во општината, па и во Републиката.

Потребата од поширока акција во општеството, ССРНМ, младината, работничките универзитети, народните универзитети, Синдикатите, за обезбедување поголем обем на слободното време на работните луѓе и за порационално користење и исполнување со разновидни креативни содржини мошне нагласено е потенцирана на конгресите на Сојузот на синдикатите на Македонија, VI конгрес на СКМ, X конгрес на СКЈ. Општествено-политичките организации постојано работат на тоа во решавањето на проблемот на слободното време да има забележително влијание работничката класа во работните организации, во месните заедници, во самоуправните заедници, во општината и Републиката.

Грижата на работничката класа за сопственото културно издигање и за ослободување на трудот е неодложно поврзана и со нејзиното дејствување за создавање услови за порационално и целисходно користење на слободното време. За таа цел работничката класа пред сè се ангажира да се надмине слабата организација на трудот во производството, организацијата во културниот живот, со што се подобруваат условите за покомплексно изразување на творечките способности на работните луѓе надвор од процесот на задолжителниот труд. Како резултат на тоа, во досегашниот развој на нашето општетсво се постигнати значителни резултати за овозможување поголем обем на слободното време со проширувањето на условите за обезбедување на децата во градинките и установи за претшколска возраст, со подобрување и регулирање на редовноста на градскиот и другиот сообраќај, со организирањето на комуналните служби и услужните дејности, со подобрувањето на здравствената заштита и социјалното осигурување итн. Особено евидентна е тенденцијата кон зголемување на фондот на слободното време од воведувањето на петдневната работна недела и со намалувањето на работното време и на работните луѓе во селото како резултат на воведувањето техника и технологија во земјоделството. Меѓутоа, на овој план сè уште има проблеми, чие решавање претстои во идниот развој и што ја нарушуваат рамнотежата меѓу работата и одморот на работните луѓе.

ПОПУЛАРИЗИРАЊЕТО и организирањето за активно користење на слободното време, грижата за користењето на неделниот и дневниот одмор, одвојувањето и здружувањето на средствата за изградување потребни објекти од општествен културен стандард за одмор и креативно учество на работните луѓе во слободното време не се во доволна мера организирани соодветно на потребите на работните луѓе. Во сево ова своја улога и место и своја актива можат да најдат работничките универзитети. Некои од нив имаат искуства, додека други ја напуштија таа практика.

Слободното време на работните луѓе треба да се посматра и од други аспекти, како што се општествено-економските, здравствено-социјалните, социо-психолошките, идејно-воспитните и други услови за да може да биде ефикасен фактор во ослободувањето на човекот од задолжителните работни обврски, за дезалиенација на личноста. Тоа исто така е област која работничките универзитети и народните универзитети можат да ја програмирата и преку ред организирани форми да им ја понудат на организациите на здружен труд.

Работничките универзитети далеку повеќе треба да се заложат слободното време да се третира како можност за функционален одмор и разонода, за креативно развивање на личноста и нејзино културно издигање и усовршување, како фактор за идејно-политичко воспитување и за креативен однос кон работата од него во процесот на трудот и надвор.

Брзото темпо на живеење и механизираниот и автоматизиран труд во современиве услови на развојот ја наметнуваат потребата од разнообразност на активностите на работниот човек надвор од процесот на трудот, да се компензира времето проведено на работа во осиромашени еднолични, механизирани и автоматизирани операции, што на личноста влијаат отуѓувачки.

Практиката покажува дека слободното време, и самодејностите во него, покрај другото, придонесуваат и за надминување на јазот меѓу физичкиот и

интелектуалниот труд и за развивање на личните творечки способности и наклоности на човекот во разните клубови, каде што доаѓа до здружување на работниците од сите сфери на трудот.

Општествените фактори и асоцијациите прават напори за афирмирање на оваа дејност во склопот на културните дејности воопшто, но никогаш не се исцрпени можностите за повторна борба аматеризмот да се избори за рамноправен третман во културната политика во комуната и во работните организации. Во тоа уште како можат со современи форми да им помогнат работничките универзитети.

Аматеризмот во нашата Република има свое значително минато и постојано ги бара своите перспективи. Самоуправното општество заинтересирано за овој вид човекова активност во слободното време им дава уште поголема поткрепа на разновидните форми на аматеризмот кои бележат постојана нагорна линија и раст, особено во поглед на квалитетот. Исто така, се чувствува потребата од поголемо внимание кон придонесот на аматерскиот труд во ослободувањето на трудот и да им се даде поголемо значење на перспективните облици и на патиштата на развојот на новите самодејни форми. Самоуправното општество е заинтересирано да се надминат сфаќањата на аматеризмот како за културна периферија или полукултура и да се потенцира и општествено валоризира неговото значење во културниот развој воопшто. Во уривањето на старите сфаќања за аматеризмот работничките универзитети имаат голема улога, организирајќи современи форми на аматеризам и предавања, анимации и други консултации, и инструкции.

Мора да се има предвид дека неорганизираното слободно време им овозможува на младите да вршат несреќен избор на активности во кои ќе се изразуваат, без оглед на етичките и естетските содржини и пораки. Недоволната и неадекватна културна разонода во слободното време создава простор работните луѓе и особено младината да бараат компензација во општествено штетни активности (кафеански живот, запаѓање во шунд литература, картање, претерано пушење и нехумани меѓучовечки односи).

Големиот прилив на кич, шунд и порнографија наоѓаат пријатели кај луѓето што не знаат што да да прават со слободното време. Поради тоа, работничката класа е заинтересирана слободното време да се организира со богатство од активности кои ќе ги привлекуваат разновидните интереси на работните луѓе, особено на младите.

Со поголемото ослободување на работните луѓе „од нужната работа" се појавуваат и поразвиени облици на слободни активности во кои се афирмираат творечките способности на човекот надвор од процесот на трудот и човекот како слободна личност. Притоа, треба да се има предвид дека слободните активности преку креативното изразување го ослободуваат човекот од наемната психологија и му даваат можност да ја изрази својата творечка способност и да ја афирмира својата личност.

АНГАЖИРАЊЕТО на работничките универзитети во таа борба за хуманизација и ослободување на личноста, во разотуѓувањето на човекот е општествена улога од особено значење. Работничките универзитети имаат сили а треба уште повеќе да се екипираат, да организираат форми и методи за влијание во тој правец. Секакво избегнување од оваа задача и цел значи бегање од обврски, или затворање во стереотипните образовни форми.

Забележително е дека аматерските самодејности во нашата Република забележуваат извесен интензитет, иако се намалува репродуктивноста и изведувачкиот аматеризам.

Во работните организации сè уште се негува и помага репродуктивниот, изведувачкиот аматеризам со сите традиционални форми (играорни, пеачки групи, вокални и инструментални состави итн.) и обидите за обновување и осовременување на содржините и формите во организирана смисла се недоволно стимулирани. Меѓутоа, аматерските самодејности со репродуктивен карактер се повеќе ги губат своите љубители, зашто нивниот репертоар е стандардизиран и необновен, некои аматерски содржини и форми се професионализираат и комерцијализираат. Работникот чувствува отпор против ваквите појави во аматеризмот и отворено го манифестира.

Вистинскиот аматеризам во оваа дејност подразбира ентузијазам, љубов, самопрегор и рекреација, а не комерцијализација. Поради тоа, очигледно, и бројот на работните луѓе во изведувачките самодејности не покажува особен пораст.

Составот на активните членови во сите самодејни организирани групи покажува однос од 86:14% на штета на работните луѓе од непосредното производство, а во корист на учениците и службениците. Меѓутоа, кога станува збор за посетата на културно-уметничките манифестации, љубовта и интересот кон нив еднакво се манифестира како од луѓето во производството, така и од непроизводните дејности.

Во надминувањето на овие состојби во работните организации голема улога треба да одиграат работничките универзитети и народните универзитети преку чии курсеви и семинари треба да поминат членовите на работните заедници на организациите на здружен труд, основните организации на здружен труд — аниматори.

Зашто сè уште традиционалните форми на аматерските самодејности и културните аматерски манифестации, ревии и смотри претставуваат значителен дел од културно-забавниот живот во комуната и во Републиката, на кои аматерите ги прикажуваат своите резултати и постигања.

Така на пример, Републичката аматерска драмска смотра покажува сè поголем број на учесници ансамбли со забележително подобрување на репертоарот и на изведбата. Драмските, ликовните, литературните и музичките ревии ангажираа учество на голем број ансамбли и активни аматери од целата Република. На Фестивалот на младински и пионерски хорови, Фестивалот на мандолински оркестри годишно настапуваат околу 30 оркестри. Тие имаат значително влијание и поттик врз формирањето нови такви состави и ангажирањето голем број нови аматери. Сите тие без оглед на тоа што негуваат репродуктивен аматеризам заземаат значително место во културно-забавниот живот на работните луѓе и во пополнувањето на слободното време со организирани културни дејности. Меѓутоа, сè уште бројот на работните луѓе кои активно го користат слободното време е мал, иако постојат безброј форми, дејности и институции. Сето тоа поради недостиг на планирано и програмирано слободно време. Во општествено-политичките заедници покрај другите организатори можат да бидат работничките универзитети заедно со општествено-политичките организации и други асоцијации.

Покрај тоа, значително е учеството на наши афирмирани ансамбли од различни видови на аматеризмот во културните манифестации од југословенско значење и на меѓународни фестивали и смотри. Така на пример, постигнуваат завидни резултати на Југословенските хорски свечености во Ниш, на Југословенскиот аматерски драмски фестивал, на Југословенскиот фестивал на младински хорови во Цеље, на средбите на аматерските театри, „Вечери на братството" во Призрен, на Ваљевските средби на аматерите „Коста Абрашевиќ" и на др. места. Аматерските ансамбли од нашата Република имаат учествувано на повеќе меѓународни фестивали, на кои покажуваат високи резултати и постигнуваат меѓународни признанија, освојувајќи и први награди.

Сево ова покажува дека аматерските самодејности не само што го пополнуваат слободното време на работните луѓе, туку го афирмираат индивидуалниот аматерски труд, како и групниот, па и

придонесуваат мошне многу за афирмирање на нашето национално, културно, фолклорно и друго богатство. На секој работен човек и граѓанин треба да му се овозможи да осознае дека забавувајќи се во слободното време, придонесува за јакнење на својата физичка кондиција, психичка рамнотежа и општествено се оддолжува создавајќи традиција на младите за осмислено слободно време.

АМАТЕРИЗМОТ сè уште не е станат масовно културно движење. Со измените во карактерот на трудот и со брзиот развој на средствата за културно комуницирање во современиов развој постепено се проширувaат и интензивираат слободните активности со креативен творечки карактер, постепено нудејќи нови содржини и израснувајќи го вкусот и потребата на современо ниво соодветно на сите промени на општествено-економскиот развој. Со надминувањето на поделбата на трудот (на мануелен и интелектуален), со здружувањето на трудот во единствена сфера и со квалитетниот порас на производните сили се создаваат предуслови за нова фаза во користењето на слободното време и во развојот на самодејностите. Особено значителен е бројот на работни луѓе коишто се рекреираат и творечки се изразуваат во голем број нови самодејни форми: филмскиот аматеризам, фото аматеризмот, ликовното и литературното творештво, автомото аматеризмот, радио аматеризмот и сите други видови технички аматеризам. Исто така, има одреден број аматери археолози, историчари, нумизматичари, металци, новатори, даборесци, везачки, плетачки (гоблени и народни везови) итн.

Во организирањето на формите, содржините, во давањето иницијативи, насоки, во организирање натпревари, изложби, нужно е работничките универзитети да дадат значителен придонес.

Прилично големо место во слободното време на непосредните производители зафаќаат разните видови технички самодејности. Сите тие се тесно поврзани со трудот кој не им дава можност да се изразат на работното место како самостојни креатори. Тоа достатно ни зборува за одредено сврттувањe на работните организации кон творечкиот интерес на работните луѓе во процесот на трудот. Техничката самодејност претставува активен интерес кон одредени области од науката и техниката во слободното време. Со креативната работа по завршувањето на задолжителната работа во овој труд се увежбуваат здобиените знаења и умеења и се поврзуваат со практиката. Производителот, поставен од техничкиот прогрес во состојба да го менува својот профил и своето занимање, смислено дејствува врз резултатите на производството и низ самодејните форми има можност да го менува својот однос кон техничките и другите средства. Во нив тој се здобива со способност за самостојна работа, се збогатува со искуства, доаѓа до нови решенија и поставки и на крајот ја согледува општествената корист на сопствениот труд. Креативната работа од овој домен го исполнува трудот со умствено ангажирање, самостојни решенија кои водат до откритие, а тоа е патот на ослободувањето на трудот од механизираните потези во задолжителниот труд. Всушност, тоа значи ослободување на личноста од наемната психологија во самодејностите во процесот на задолжителниот труд. Ова е суштина на новиот Устав за ослободување на трудот и човекот. Работничките универзитети заедно со Народна техника, ССМ и СММ исто така треба да учествуваат во организационите форми за афирмирање на овој труд.

Влијанието на работните заедници во зголемувањето на материјалните претпоставки за организирано слободно време на работниците за развој на самодејностите, покрај постојните интервенции сè уште не е на нивото на потребите на работните луѓе во одлуките на организациите на здружениот труд. Сè уште односот кон овој вид културна дејност, во споредба со односот кон професионалните дејности нема големи измени: материјално повеќе се помага репродуктивната, а не креативната самодејност, што се одразува врз стимулирањето на истата. Впрочем, во последниве години дури и средствата што ги имаат добиено постојните културно-уметнички групи, друштвата во работните организации се помали отколку порано, иако и овие дејности се проширувaат и осовременуваат. Исто така, односот на општинските собранија, заедниците, кон самодејностите покажува дека треба да се обрне поголемо внимание за создавање услови за организирано слободно време на граѓаните од сите возрасти (работници, ученици, студенти, пензионери), да се залагаат во иднина да им се обрне поголемо внимание и рамноправен третман во системот на самоуправувањето. Две или повеќе работни организации организирани по дејност или групациски треба да отвораат сопствени клубови, да закупуваат кино претстави, театарски, оперски претстави и др. во што во отсуство на центри за култура работничките универзитети можат да бидат носители на организационите форми.

Од сево ова произлегува дека во иднина работничките универзитети треба да се поврзат со работните заедници, а во нив се сите општествено-политички сили, синдикалните организации, младинските, СК, самоуправните органи посебно, програмски да ги мотивираат далеку повеќе да се ангажираат во зголемувањето на материјалните претпоставки за културен развој на работните луѓе, а во тој склоп за развој на самодејностите во работната организација и во општината.

ОСОБЕНО е важно да се стимулираат масовните самодејности, да се организираат средби и контакти на аматерите, да се поттикнува натпреварувачкиот дух заради предизвикување на потенцијалните можности и за правилно насочување на наклоностите на работните луѓе. Работните универзитети треба да се ангажираат да се надмине полуаматерскиот, полупрофесионалниот однос кон културните дејности; да се формираат современите содржини и форми во самодејностите и т. н. А во тоа како аниматори, ќе имаат голема улога. Во склопот на овие прашања од особен интерес е ангажирањето на општествено-политичките организации, синдикатите и работничките универзитети за отворање општествени домови и културни центри, како и клубови на работните организации или на групациите за проширување на културните дејности меѓу работните луѓе и за развој на самодејностите. Со оглед на тоа дека и помошта на професионалните здруженија и општествените асоцијации не е соодветна на потребите на самодејностите, нужно е работничките универзитети да се залагаат таа да се засили ангажирајќи луѓе од нивните редови.

Активната улога на работникот во месната заедница, во советот на училиштето, како делегат во заедниците од секаков вид, покрај во работните организации е голема кога се одлучува за организирано слободно време за средствата и формите, за нови содржини.

Само така ќе се докаже дека творењето не е карактеристика само на професионалниот труд — на остварувањето на основната функција на човекот во сферата на трудот, туку трудот на човекот и во слободното време, во доброволниот незадолжителен труд добива творечки карактер.

Тоа може да го следат и проучуваат работничките универзитети и соодветно на сознанијата да организираат форми и дејности што ќе придонесат за позитивни резултати.

Сè што не е целосно кај нас проучено, а нужно е да се испита: како се одразува аматерската самодејна активност врз процесот на неопходниот труд, како се рефлектира процесот на развојот на творењето во слободното време преку една или пове-

ќе самодејности, може да биде работа и на работничките универзитети.

Мотивираноста на луѓето и определбата за одредена самодејност е разновидна.

Најчесто тоа е влијание на некој постар во семејството, на учителот, на другар, под влијание на книга или инспирација од слушана музика, гледана драма, или изложба. Анкетираните на прашањето, „што ги тера да се занимаваат со одредена самодејност“, одговараат по овој ред: „желба“, „љубов“, „здодевност“ и во сè „свој човек и господар на својата волја.“

Ова доволно јасно зборува колку многу активните творечки самодејности се корисни во формирањето на личноста и во одржувањето на физичката и психичката стабилност и кондиција на човекот во условите на динамичен живот полн со судири, новини и измени.

Работничките универзитети во иднина треба повеќе внимание да им обрнат на овие прашања и да се изборат сите форми на самодејностите да добијат поголема материјална и стручна помош и поткрепа особено сите форми на самодејност во кои се опфатени младинци, да се создадат материјални и други претпоставки за организиран поттик на аматеризмот и наклоностите за самодејност на работните луѓе, за планирано и организирано корисно слободно време, како од страна на општините, така и од страна на работните организации. За тоа тие со програми треба да се јавуваат пред самоуправните интересни заедници за култура и да обезбедуваат средства врз основа на договор со организациите на здружен труд. Секое избегнување на оваа работа и затворање само во образовни системни форми води кон одделување на работничките универзитети од една област која во поголем број општествено-политички заедници е „ничија грижа“. Исто така, сево ова укажува дека е нужно да се зголеми бројот на културни настани и масовни културни манифестации кои би дејствувале воспитно во смисла на создавање културни навики, развивање на наклоностите на работните луѓе преку досега познатите и преку нови разновидни форми на дејностите што би биле погодни за опфаќање што поголем број аматери и љубители на разновидните дисциплини.

Работничките универзитети најуспешно ќе се изразат во стимулирање на масовноста, во организирање средби и контакти на аматерите, поттикнување натпреварувачкиот дух заради предизвикување на творечките потенцијални можности и амбиции кај поединците, за правилно насочување на наклоностите и желбите. На овој начин, изведувачкиот аматеризам, таков како што е, ќе ги надмине сфаќањата дека треба да се презентира по повод национални празници, прослави и јубилеи, годишнини и годишни пресметки во работните колективи. И се повеќе ќе се создадат можности за изразување на самодејностите како внатрешна потреба на човекот за потврдување на неговата личност како творечка единка надвор од процесот на задолжителниот труд, како секојдневна и постојана активност, и како дел од културниот живот во комуната.

Тоа бара организирање, планирање и програмирање, а работничките универзитети кои тоа успешно го прават за образовните форми можат далеку повеќе да сторат и за овој вид културна дејност.



БОРКО ЛАЗЕСКИ: Карев, Главинов и Делчев, цртеж со молив, 1978